Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) и член 9 од Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2014, 48/2015, 191/2015, 41/2016 и 157/2016), Управниот Одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 2018 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СКАПИ ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА РЕЦЕПТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Член 1

Како скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување, а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, во смисла на Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита, се утврдуваат следните лекови:

| Реден број | АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A05AA02 | Ursodeoxycholic acid | Перорална суспензија | 250 mg/5ml |
| 2 | A07EC02 | Mesalazine | Супозитории | 500mg |
| 3 | A07EC02 | Mesalazine | Клизми | 4g/60ml |
| 4 | A09AA02 | Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin | Капсули | 8000E + 10000E + 600E (150mg) |
| 5 | A09AA02 | Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin | Капсули | 18000E + 25000E + 1000E (300mg) |
| 6 | H01BA02 | Desmopressin | Назален спреј | 0,1mg/ml |
| 7 | H01BA02 | Desmopressin | Таблети | 0,2mg |
| 8 | J05AB04 | Ribavirin ** | Таблети / капсули | 200mg |
| 9 | J05AF05 | Lamivudine | Таблети | 100mg |
| 10 | L04AD01 | Ciclosporin | Капсули | 25mg |
| 11 | L04AD01 | Ciclosporin | Капсули | 50mg |
| 12 | L04AD01 | Ciclosporin | Капсули | 100mg |
| 13 | L04AD01 | Ciclosporin | Раствор за орална употреба | 100mg/ml |
| 14 | L04AD02 | Tacrolimus | Капсули | 1mg |
| 15 | L04AD02 | Tacrolimus | Капсули | 0,5mg |
| 16 | L04AD02 | Tacrolimus | Капсули | 5mg |
| 17 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети | 180mg |
| 18 | L04AA06 | Mycophenolic acid | Таблети | 360mg |
| 19 | M05BA02 | Clodronic acid | Капсули | 400 mg |
| 20 | N02AA01 | Morphine | Подјазична таблета | 20mg |
| 21 | N03AX14 | Levetiracetam | Раствор за орална употреба | 100 mg/ml |
| 22 | N04BA03 | Levodopa + carbidopa + entacapone | Таблети | 50mg + 12,5mg + 200mg |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | N04BA03 | Levodopa + carbidopa + entacapone | Таблети | 100mg + 25mg + 200mg |
| 24 | N04BA03 | Levodopa + carbidopa + entacapone | Таблети | 150mg + 37,5mg + 200mg |

**Член 2**

Здравствените установи аптеки се должни да ги фактурираат реализираните рецепти за лековите од член 1 на оваа одлука во посебна фактура за Фондот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Фондот.

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 186/2013).

**Број 02-8514/18**
**12.06.2018 година**
**Скопје**

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Верица Проковиќ**